Australian Government
Department of Health and Ageing

Информативен лист бр. 1

MACEDONIAN
Септември 2009 г.

# Како може да ви помогнат Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица?

## Што прави Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица?

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица (Aged Care Assessment Teams - ACATs) им помагаат на постарите лица и на нивните негуватели да утврдат каков вид на нега најдобро ќе ги задоволи нивните потреби кога веќе не се способни да останат да живеат во својот дом без помош. Тимовите даваат информации за погодните можности за нега и може да организирираат пристап или упат до соодветна нега во дом или во заедницата. Австралиската влада ги финансира владите на државите и територииите за да организираат и управуваат Тимови за оценување на потребите од нега за постари лица. Државите и територииите исто така ги финансираат овие тимови.

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица исто така ги оценуваат и им одобруваат на постарите лица добивање на услуги за нега за постари лица што е финансиски потпомагана од австралиската влада.

## Како може да ми помогне Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица?

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица обично се составени од професионални здравствени работници од различни области кои можат да извршат подробно оценување на вашите потреби од нега и да дадат информации за погодните и расположиви можности за нега.

За многу луѓе е оценето дека им се потребни услуги за нега во заедницата, како што е Негата во домот и во заедницата (Home and Community Care - HACC), за да им се помогне да останат во нивниот дом колку што е можно подолго. Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица можат да ве упатат до тие услуги. Меѓутоа, ако имате посложени потреби од нега а претпочитате да останете да живеете дома, Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица може да одобрат Пакет за нега на постари лица во заедницата (Community Aged Care Package - CACP), Пакет за проширена нега во домот (Extended Aged Care at Home Package - EACH), или Пакет за проширена нега во домот за лица што страдаат од деменција (Extended Aged Care at Home - EACH Dementia Package). Тоа се пакети што содржат усогласени услуги за нега што ги финансира австралиската влада и што се пружаат во вашиот дом.

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица исто така може да ви одобрат Програма за преодна нега (Transition Care Program) чија цел е да се подобрат вашата самостојност и самодоверба откако сте престојувале во болница. Преодната нега може да се пружа или во старечки дом, или во вашиот дом, за време од најмногу 12 недели.

Ако ви е потребна нега во старечки дом, Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица може да одобри или нега со висок степен (старечки дом за нега), или нега со низок степен (хостел), во зависност од вашите потреби за нега.

Некои установи за нега на постари лица пружаат само нега со висок степен, додека пак други пружаат само нега со низок степен. Трети пак можеби задоволуваат пошироки потреби од нега. Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица може да ви помогне да најдете погодни установи за нега на постари лица во вашиот регион.

Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица исто така може да помогне да се организира одмена од негата. Целта на одмената од негата е да ви се овозможи на вас и на лицето што ве негува да здивнете. Таа може да биде: нега во дневен центар, поддршка во вашиот дом во текот на неколку часа неделно, или кус престој во старечки дом.

## Како Тимот ќе оцени каков вид на нега ми е потребен?

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица може да ве посетат во вашиот дом или во болница за да разговарате за вашите потреби од нега.

Членовите на Тимот ќе ви постават низа прашања за да ги утврдат најдобрите можности за нега за вашата поединечна ситуација. Тие прашања се обмислени така што може да се утврди колкава и каква помош ви е потребна при извршувањето на секојдневните и на личните активности.

Со ваша дозвола, Тимот исто така ќе се јави и кај вашиот локален лекар за да добие повеќе информации за вашиот медицински историјат што ќе му помогнат во постапката за оценување.

Откако Тимот јасно ќе ги разбере вашите потреби од нега, може да ги препорача или одобри услугите што се најсоодветни за задоволување на тие потреби. Тимот ќе ви испрати писмо за да ги потврди тие препораки.

## Како да најдам Тим за оценување на потребите од нега за постари лица со кој ќе можам да разговарам?

Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица ја покриваат цела Австралија, а сместени се во болниците или во локалната заедница. Информации за вашиот најблизок ваков Тим може да добиете од:

- Сојузните центри за информирање на негувателите (Commonwealth Respite and Carelink Centres) на **1800 052 222***
- од Наоѓачот на Тим за оценување на потребите од нега за постари лица (ACAT Finder) на местото на интернет на Aged Care Australia на: **www.agedcareaustralia.gov.au**
- вашиот лекар.

## Дали се плаќа нешто за оценувањето?

Не. Тимовите за оценување на потребите од нега за постари лица ги финансира државата и на вас нема да ви биде наплатено за посетите на членовите на тимот.

## Кои се моите прзава?

- Имате право кон вас да се однесуваат достоинствено и со почит.
- Имате право да добиете информаци за постапката за оценување - да ви се каже што се случува и зошто.
- Имате право да ги изразите вашите сопствени гледишта и идеи.
- Имате право, ако сакате, некој да биде со вас во текот на оценувањето, на пример, негувател, близок пријател или роднина.
- Можеби сакате да имате преведувач, а Тимот може да го организира тоа.
- Ако сакате, независен застапник може да ви помогне со совет, или да дејствува во ваше име.

## Што ако не сум задоволен/задоволна со резултатот од моето оценување?

Конечната одлука дали ќе ги прифатите препораките на Тимот за услуги за нега ја донесувате вие. Ако не сте задоволни со оценувањето или со препораките, треба да му кажете на лицето што е одговорно за Тимот.

Би требало да можете сите проблеми да ги решите така што ќе разговарате за она што ве загрижува со членовите на Тимот. Меѓутоа, ако не се согласувате со препораките на Тимот, може да ја обжалите одлуката. Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица ќе ви прати писмо во кое е објаснето како вие, или некој што дејствува во ваше име, може да поднесе жалба.

## За повеќе информации

Ве молиме јавете се:

- на Информативната телефонска линија за нега на постари лица (Aged Care Information Line) на **1800 500 853***
- во Сојузниот центар за информирање на негувателите (Commonwealth Respite Carelink Centre) на **1800 052 222***
- местото на интернет на Aged Care Australia на: **www.agedcareaustralia.gov.au**

***Цени на телефонските повици**

Повиците до броеви што почнуваат на 1800 обично се бесплатни за повикувачот ако тој се јавува од фиксен телефон.

Повиците до броеви што почнуваат на 13 или 1300 се наплаќаат по ниска фиксна цена кога повикувачот се јавува од фиксен телефон.

Сите повици од мобилни телефони се наплаќаат по цена што ја применува секој одделен давател на услуги за мобилна телефонија.

Сите повици од јавни телефони се наплаќаат по цените што ги применува секој одделен давател на услуги за фиксна телефонија.

Оградување: Овој документ е само водач за сојузните закони и правилници, и не одговара за поединечните околности. Австралискиот државен оддел за здравје и постари лица (Australian Government Department of Health and Ageing) препорачува да побарате соодветен професионален совет што е соодветен за вашата поединечна ситуација.